Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 79, 1 мај 2012 година

мај 2012 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А


**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област земјоделско инженерство на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област генетика и селекција на растителното производство на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 10

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање асистент за научната област педологија на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 21

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање асистент за научната област економика на земјоделството и развој на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 26

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање асистент за научната област хемија на земјиштето на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 31

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање асистент за научната област генетика и селекција на растителното производство на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 37

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област џез саксофон на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 44

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научната област математика на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 48

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник (асистент) за наставно-научната област граѓанско право на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 52

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област елементарно образование (системи и методи) на Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 57

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник за наставно-научната област историја на економската мисла на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 75

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 99



Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН СОРАБОТНИК ВО ЗВАЊЕ АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПЕДОЛОГИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 1802-67/9 од 8 март 2012 год. донесена на седница на Наставно-научниот совет на Земјоделскиот факултет, одржана на 8 март 2012 год., формирана е Рецензентска комисија за избор на еден соработник -асистент од научната област *педологија* на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во состав: проф д-р Блажо Боев (претседател), проф д-р Лилјана Колева-Гудева (член) и проф д-р Рубин Гулабоски (член).

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневниот весник „Дневник” на 15 февруари 2012 год. и во предвидениот рок се пријавија тројца кандидати: Далибор Јованов, магистер на земјоделски науки вработен како помлад асистент на Катедрата за педологија и агрохемија на наставната дисциплина педологија и почвен менаџмент на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, Љубинка Дојчинова (Малчева), дипл. земјоделски инженер, запишана на постдипломски студии на Земјоделскиот факултет при УКИМ-Скопје и Цветанка Ѓелова, магистер на земјоделски науки, договорно анагажирана во Општина Кавадарци во Секторот за локален економски развој. Врз основа на приложената документација, Комисијата има чест на Наставно-научниот совет на Земјоделскиот факултет да му го поднесе следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

Кандидатот **м-р Далибор Јованов** е роден на 15 септември 1980 година во Свети Николе, каде што завршува основно и средно образование. На Земјоделскиот факултет во Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј” се запишува во учебната 1999 година, на насоката Полјоделство, и истата ја завршува во учебната 2004 година, со просечен успех од 8,06. Во текот на 2005 година работи како волонтер на Програмата за изработка на HACCP (АОКТТ) план, финансиран од Агенцијата за поддршка на претприемништвото во Република Македонија на Проектот за поддршка на Регионалниот економски развој на источниот дел на Република Македонија (ГТЗ-РЕДЕМ) и Фондацијата за обнова и развој на Овче Поле - Свети Николе. Во учебната 2007 година се запишува на постдипломски студии на Факултетот за земјоделски науки и храна при Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, на групата Педологија, агрохемија и микробиологија на подгрупата Педологија. Постдипломските студии ги завршува со просечна оценка на студирање од 9,71, со одбрана на магистерскиот труд со наслов „**Водни, физички и физичко-механички својства на смолниците распространети во штипскиот, пробиштипскиот и светиниколскиот реон**“, на 24 септември 2010 година, со што се стекнува со звање магистер на земјоделски науки. Кандидатот м-р Далибор Јованов од 1 јули 2007 година е вработен на Универзитет „Гоце Делчев” - Штип како помлад асистент на Катедрата за педологија и агрохемија на Земјоделскиот факултет. Кандидатот м-р Далибор Јованов има пријавено теза за изработка на докторска дисертација од областа на науката за земјиштето и хидрологијата на УКИМ - Скопје.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Кандидатот м-р Далибор Јованов, од страна на Матичната комисија за формирање на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип, е избран во звањето соработник-помлад асистент (Одлука број 866 од 4 јуни 2007). Со Решение на ректорот на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип (број 0402-176/116). Кандидатот Далибор Јованов е распореден на Катедрата за педологија и агрохемија при Земјоделскиот факултет, за предметот Педологија и почвен менаџмент. Во досегашниот изборен период кандидатот Далибор Јованов активно

е ангажиран во изведувањето на вежбите со студентите на Земјоделскиот факултет за предметот Педологија и почвен менаџмент и истите успешно ги реализира. Исто така, во овој временски период е вклучен и во подготовката на материјалите за вежби на студентите (теоретски и практични вежби), а исто така е ангажиран и во Лабораторијата за семеконтрола. Треба да се спомене дека кандидатот Далибор Јованов активно се служи со англискиот јазик, а исто така многу солидно се служи со програмските поддршки кои се неопходни за изведувањето на вежбите за студентите Microsoft Office (Word, Excel, Power Point). Во досегашниот научен и стручен ангажман кандидатот м-р Далибор Јованов се појавува како автор на три труда и коавтор на четири труда.

***Трудови објавени во научни списанија:***

1. **Dalibor Jovanov**, Tena Sijakova-Ivanova, Biljana Petkovska: X - ray diffraction and mineralogical study of vertisol in Eastern Macedonia. IIOABJ, 2012 (In Press).
2. Mite Ilievski, Dragica Spasova, Milan Georgievski, Biljana Atanasova, **Dalibor Jovanov** (2011): Quality of the grain of Macedonian wheat genotype in different production systems. Journal of Hygienic Engineering and Design (231-233)
3. Татјана Миткова, **Далибор Јованов**, Мите Илиевски, Весна Зајкова-Панова (2010): Некои хемиски својства на смолниците распространети во штипскиот, пробиштипскиот и светиниколскиот регион. Годишен зборник на Земјоделскиот факултет, Година 10, стр. 91-101, Штип.

***Трудови презентирани на научни конференции:***

1. **Dalibor Jovanov**, Violeta Ivanova (2011): Chemical properties of vertisols from the east region of Republic of Macedonia. IX congress of pure and applied chemistry of students from Republic of Macedonia, Skopje, October 6-8, 2011.
2. Mite Ilievski, Dragica Spasova, Milan Georgievski, Biljana Atanasova, **Dalibor Jovanov** (2011): The characteristics of some Macedonian wheat genotypes in organic and conventional production. 1st National Agriculture Congress and Exposition on behalf of Ali Numan Kirac with International Participation (2353-2361).

Кандидатката **м-р Цветанка Ѓелова** е родена на 19 јули 1975 година во Кавадарци, каде што завршува основно и средно образование. На Земјоделскиот факултет при УКИМ - Скопје се запишува во 1994 година и истиот го завршува во 1999 година со просечна оценка на студирање од 8.34. Веднаш по дипломирањето се запишува на постдипломски студии и истите ги завршува со просечна оценка на студирање од 9,66, со одбрана на магистерскиот труд со наслов „**Прочување на морфолошките својства и приносот на неколку интродуцирани сорти сусам во услови на тиквешкиот реон**", на 22 април 2005 година, со што се стекнува со звање магистер на земјоделски науки, насока Индустриски култури. За време на студирањето и постдипломските студии е стипендист на Министерството за образование и наука.

***Работно искуство***

Во периодот од 1999 до 2003 година, кандидатката е волонтер технички асистент на Еколошко друштво „ОДЕК" – Кавадарци и притоа ги извршува следниве работи:

- стручен соработник во реализација на пилот-проектот „Органско земјоделство" (1999 година);
- технички асистент и едукатор во проектот: „Локални иницијативи кон органското земјоделство" (2000-2003 година) помеѓу ДЕМ и Пронатура-Швајцарија.

Од 20 февруари 2004 до 31 јануари 2005 година е стручен соработник –едукатор по земјоделство и екологија во локалната телевизија КТВ-41 Кавадарци.

Учествува во подготвување на голем број трибини и емисии: „Емисија за земјоделство", „ЕКО-ОКО" (редовни неделни емисии), како и „Емисија за органско производство" (периодична емисија).

Од март до октомври 2005 година е ангажирана како технички секретар на БИОМАК – Сојуз на здруженија на граѓани, производители и преработувачи на органска храна од РМ.

Во периодот од 2000 до 2005 година заедно со експерти од SDC успешно реализира повеќе семинари, како:

– Организациски развој на НВО (демократски процеси);
– Планирање (едногодишно, стартешки план и др.);
– Самоевулација;
– Односи со јавноста, публикации, презентации;
– Подигнување на јавната свест во и кон НВО;
– Стручни семинари на теми од областа на агроекологијата, одржливо земјоделство и органско земјоделство.

Од декември 2009 година до денес договорно е ангажирана во Општина Кавадарци - Локална самоуправа, во Секторот за локален економски развој (ЛЕР) во делот на земјоделство и рурален развој.

Има солидни познавања од Англискиот јазик (има завршено III I IV степен курс по англиски јазик во МКЦ - Скопје).

Активно се служи со програмските поддршки како што се Microsoft Office (Word, Excel, Power Point).

Кандидатката м-р Цветанка Ѓелова се појавува како автор на брошурата **„Органско полоделско производство“** (2002 година), а се појавува и како коавтор на неколку брошури од областа на органското производство.

Кандидатката **Љубинка Дојчинова (Малчева)** е родена на 14 јули 1968 година. Завршува Факултет за земјоделски науки и храна во Скопје и е запишана на постдипломски студии на Факултетот за земјоделски науки и храна при УКИМ - Скопје на Групата за зрнести и клубенести култури. Од приложената документација може да се констатира дека кандидатката не ги исполнува потребните услови за избор во звањето соработник-асистент.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложената документација, Комисијата констатира дека на распишаниот Конкурс за избор на соработник-асистент за научната област педологија на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип се пријавиле тројца кандидати: м-р Далибор Јованов, м-р Цветанка Ѓелова и Љубинка Дојчинова (Малчева). Кандидатите м-р Далибор Јованов и м-р Цветанка Ѓелова ги исполнуваат условите кои се предвидени за избор во звањето соработник-асистент (имаат завршено магистерски студии и го имаат потребниот просечен успех од студирањето), додека кандидатката Љубинка Дојчинова (Малчева) не ги исплонува условите кои се предвидени за избор во звањето соработник-асистент (нема завршени магистерски студии). Комисијата врз основа на доставените документи од страна на кандидатите констатира дека кандидатот м-р Далибор Јованов континуирано го надградува своето образование во научната област педологија и дека во континуитет се надградува во својата научноистражувачка активност исто така во оваа научна област, додека кандидатката м-р Цветанка Ѓелова својата досегашна научна надградба (наслов на магистерска теза) ја направила во областа на индустриските култури. Магистерската теза на кандидатот м-р Далибор Јованов е исто така од областа на педологијата. Врз основа на доставената документација, Комисијата констатира дека кандидатот м-р Далибор Јованов во подолг временски период како помлад асистент ги изведува и вежбите во наставната дисциплина педологија и почвен менаџмент, а со тоа во континуитет стекнува и наставно искуство како многу важен момент во понатамошното негово усовршување. Ценејќи ги активностите на пријавните кандидати за избор на соработник-асистент за научната област педологија на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип, **Комисијата има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Земјоделскиот факултет да го избере м-р Далибор Јованов во звањето соработник-асистент во научната област педологија.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
**Д-р Блажо Боев, ред. проф., с.р.**
**Д-р Лилјана Колева-Гудева, вон. проф., с.р.**
**Д-р Рубин Гулабоски, вон. проф, с.р.**

## П Р И Л О Г 1

## Т А Б Е Л А
**за вреднување на активностите на кандидатот м-р Далибор Јованов, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип**

| Вид на активност | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна дејност** | | | |
| Вежби по предметот Педологија и почвен менаџмент | 18 | 0.2 | 3.6 |
| Вежби по предметот Физиологија на растенијата | 12 | 0,2 | 2.4 |
| **Научноистражувачка дејност** | | | |
| Одбранета магистерска работа | 1 | 4 | 4 |
| Трудови со оргинални научни резултати<br>1. **Dalibor Jovanov**, Tena Sijakova-Ivanova, Biljana Petkovska: X - ray diffraction and mineralogical study of vertisol in Eastern Macedonia. IIOABJ, 2012 (In Press).<br>2. Mite Ilievski, Dragica Spasova, Milan Georgievski, Biljana Atanasova, **Dalibor Jovanov** (2011): Quality of the grain of Macedonian wheat genotype in different production systems. Journal of Hygienic Engineering and Design (231-233).<br>3. Татјана Миткова, **Далибор Јованов**, Мите Илиевски, Весна Зајкова-Панова (2010): Некои хемиски својства на смолниците распространети во штипскиот, пробиштипскиот и светиниколскиот регион. Годишен зборник на Земјоделскиот факултет, Година 10, стр. 91-101, Штип. | 3 | 6 | 18 |
| Учество на научен собир со реферат (усно) – во земјата<br>**1.** **Dalibor Jovanov**, Violeta Ivanova (2011): Chemical properties of vertisols from the east region of Republic of Macedonia. IX congress of pure and applied chemistry of students from Republic of Macedonia, Skopje, October 6-8, 2011 | 1 | 1.5 | 1.5 |
| Учество на научен собир со реферат (усно) – во странство<br>2. Mite Ilievski, Dragica Spasova, Milan Georgievski, Biljana Atanasova, **Dalibor Jovanov** (2011): The characteristics of some Macedonian wheat genotypes in organic and conventional production. 1st National Agriculture Congress and Exposition on behalf of Ali Numan Kirac with International Participation (2353-2361). | 1 | 2 | 2 |
| **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | | | |
| Член на факултетски орган, комисија | 3 | 2 | 6 |
| **ВКУПНО:** | | | **37.5** |

**П Р И Л О Г 2**

**Т А Б Е Л А**
**за вреднување на активностите на кандидатката м-р Цветанка Ѓелова, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| **Вид на активност** | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна дејност** | | | |
| Раководител на семинар | 6 | 2 | 12 |
| **Научноистражувачка дејност** | | | |
| Одбранета магистерска работа | 1 | 4 | 4 |
| Трудови со оргинални научни резултати | | | |
| Учество на научен собор со реферат (усно) – во земјата | | | |
| Учество на научен собир со реферат (усно) – во странство | | | |
| Учесник во научен проект | 2 | 2 | 4 |
| **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | | | |
| Стручна монографија | 1 | 3 | 3 |
| **ВКУПНО:** | | | **23** |